Александар АТАНАСОВСКИ **УДК: 94(497.7)„13“**

# ПОЧЕТОЦИТЕ НА СЕРСКАТА ДРЖАВА НА ЧЕЛО СО ЦАРИЦА ЕЛЕНА*

Прашањето за почетоците и егзистенцијата на Серската држава во периодот на владеењето на нејзиниот основач царицата Елена побудува голем интерес кај научниците што се заниваваат со настаните од втората половина на XIV век. Имајќи го во предвид значењето на тоа прашање за македонската историја, го разгледуваме посебно од прашањето за создавањето на другите државички и кнежевства во Македонија до 1365 година. Во поглед на хронологијата кога се појавила Серската држава постојат различни мислења. Тука ќе ги презентираме изворните податоци за тоа прашање и нивното толкување.

За почетоците на Серската држава ќе се осврнеме најпрвин на делот за распаѓањето на српското царство што се наоѓа кај Ј. Кантакузин, во кој авторот забележал дека вдовицата на Стефан Душан - Елена по 1355 година си потчинила под своја власт многу земји и градови и не зела активно учество во борбата за српскиот престол што се водела помеѓу цар Урош и цар Симеон[1]. Другите совремни извори делумно ги потврдуваат, а делумно ги негираат овие податоци. Познато е дека царицата Елена се замонашила по смртта на Стефан Душан[2]. Според најновите истражувања Елена се замонашила на „Велигден, во недела 24 април 1356 година кога се поклопил Велигден со празникот на цариградската чудотворка преподобна Јелисавета или Света Јелизавета, според која и го зела монашкото име“[3]. После овој чин Таа се повлекла

---

* Оваа статија претставува продолжение на статијата: Создавање на феудални држави и кнежевства во Македонија во периодот од 1355 до 1365 година, објавена во Годишен зборник на Филозофски Факултет - Скопје , Книга 26 (52), Скопје 1999.

[1] Византијски извори за историју народа Југославије, VI, Београд 1986, 558-559 и коментарите на овие вест на стр. 559 бел. 627.

[2] М. Пурковић, Када се покалуђерила царица Јелена ? - ПКЈИД, XII, 2-3, 1932, 167-169.

[3] Б. Милутиновић - Р. Радић, О времену замонашења царице Јелене. Једна претпоставка. - ЗРВИ, 33, Београд 1994, 201.

во Сер, при што задржала извесни владетелски права врз некои имоти во Зета[4].

Елена во Сер и Серската област, според расположливите извори управувала близу 10 години по смртта на Душан[5]. Таа во почетокот ја признавала врховната власт на синот - цар Урош. Во мај 1356 година е посведочено присуството на српскиот цар во Сер, каде што заедно со мајка си издал грамота за Мелничкиот митрополит Кирил[6]. Од тој период ( 1356 - 1360 год.) датираат и фреските во црквата Св. Богородица во с. Матејче, на кои се претставени заедно српскиот цар Урош и царицата Елена[7]. Душановата вдовица присуствувала на државниот собор во Скопје, одржан во пролетта 1357 година, што покажува дека таа му давала поткрепа на својот син Урош во борбата за Душановото наследство[8]. Во летото истата година српскиот цар испратил воен одред во Серската област за помош на акцијата против византијските феудалци Алексиј и Јован[9]. До 1360 година царицата Елена и цар Урош се споменуваат заедно како владетели и во современите записи[10]. За добрите односи помеѓу мајката и синот сведочат и заедничките монети што ги ковале по декември 1355 година[11]. Во 1360/61 година Урош издал

---

[4] Acta et diplomata res Albaniae mediae aetatis illustrantia. T. II. ed. L. Thalloczy, C. Jirecek, M.Sufflay, Vindobonae,1918. № 123.

[5] Ст. Новаковић, Срби и Турци XIV и XV век. Београд 1893, 165; Г. Острогорски, Серска област после Душанове смрти. Београд 1965, 3 и сл.

[6] Ст. Новаковић, Законски споменици српских држава средњега века. Књ.V. Београд 1912, 310.

[7] Спореди: Н. Л. Окуњев, Грађа за историју српске уметности: 2. Црква Св. Богородица- Матеич.- ГСНД, 7-8, 1930, 92-93; Н. Радојчић, Портрети српских владара у Средњем веку. Скопље 1934, 59; В. Ђрић, Византијске фреске у Југославији. Београд 1980, 70-71. Во октомври 1996 година ја посетивме црквата со Г-дин Љубиша Мацевиќ од с. Матејче и имав можност да ги видам фрескит. Овде му се заблагодарувам на Г-дин Мацевиќ за помошта.

[8] Законски споменици, 310- 313.

[9] Византијски извори, VI, 567.

[10] Љ. Стојановић, Стари српски записи и натписи.(Фототипно издание), Београд 1982. T.I. № 116 стр. 41; Г. Острогорски, Серска област, 4.

[11] С. Димитријевић, Нова серија нових врста српског средњовековног новца. - Старинар, XV - XVI, 1964, 135.

повелба со која потврдил еден царичин дар на Хиландар. Но, зад неговиот потпис се наоѓа оваа карактеристична напомена: **„Госпожда светая царица повелѢ сама у СѢрѢ“**[12]. А во актот на судот на Серската Митрополија од ноември 1360 година царицата се споменува како единствена владетелка. Достоинствениците кои учествувале во судењето се наведени како нејзини дворјани и се потпишале како нејзини слуги (δοῦλοι)[13]

Сите тие факти се доволни за да се тврди дека власта на Урош во Серската област преку посредништвото на царицата Елена до крајот на 50 -тите години на XIV век била доста стабилна и реална. Од крајот на 50 -тите години она што може да се претпостави врз основа на вестите на Ј. Кантакузин, благодарение на современите документи и записи изгледа очигледно: Елена - Елисавета владеела во Сер и била формално признавана за владетелка на таа област. Меѓутоа, нејзината област не се издвоила веднаш од српското царство. Урошевите врховни права долго време биле почитувани, а тој лојално се споменувал како цар на прво место. Но, никаква вистинска власт Урош немал во таа област, па постепено престанало и формалното спомнување на неговото име[14].

Редица фактори покажуваат дека во Југоисточна Македонија се развил процес за создавање на независно феудално кнежевство. Дури и самото повлекување на царицата Елена во Сер, покажува, ако не стремеж кон целосна самостојност, тоа тогаш извесно разграничување од владеачката династија во Србија[15]. На родословното дрво во црквата Св. Богородица во с. Матејче, царицата Елена, цар Урош, а веројатно и сестрата на Елена - Теодора, се претставени не како потомци на

---

[12] А. Соловјев, Повеље цара Уроша у Хиландарском архиву. - Богословље 2 (1927), бр. 3, 290-291.

[13] Actes de Chilandar. Première partié: Actes grecs, publ. Par L. Petit, Византийски временик 17 (1911), Приложение, №.146.

[14] Г. Острогорски, Серска област, 5.

[15] Е. П. Наумов, Господствующий класс и государственная власти в Сербии XIII-XV вв. Москва 1975, 182-183.

династијата Немањиќи, туку како потомци на фамилијата на цар Самуил[16].

Ако навистина власта на српскиот цар во Серската област во 1356 - 1360 година била реална, необјасниво е и изненадувачко брзото отпаѓање на Југоисточна Македонија од српската држава во почетокот на 60-тите години на XIV век[17]. Иако изворите не содржат доволно податоци за да се проникне со поединости во настаните кои што претходеле на осамостојувањето на Серската област, неможе да има сомневање дека генезата треба да се бара во петте години по смртта на Стфан Душан[18].

Осамостојувачките тенденции во Југоисточна Македонија во 1356 - 1360 година фактички се пројавуваат на две нивоа: првото ниво - односите помеѓу царицата Елена и цар Урош и второто, помеѓу серската владетелка и феудалците во нејзината област. Во тој поглед интересни податоци содржат дел од последните пасуси на трудот на Јован Кантакузин. Тој тврди дека во 1357 година меѓу неговиот син Матеј и „архонтите од Мигдонија" бил склучен договор за заедничко дејствување против српската власт во Сер[19]. Тие податоци бараат критичка анализа поради познатиот субјективизам на Кантакузин кога се работи за негови блиски роднини. Треба да се предочи дека во смисловен однос тие наполно се согласуваат со она што тој пишува на други места за односите со феудалците во Македонија. Ако ги разгледаме настаните во нивната последователност, можеме да ги одделиме оние вести на Ј. Кантакузин кои треба да се отфрлат како невистинити.

Прво, тврдењето дека иницијативата за походот на Матеј Кантакузин дошла од страна на „трибалските архонти"[20]. Второ, обидот

[16] И. Божилов, Фамилията на Асеневци (1186- 1460). Генеалогия и просопография. София 1985, Родословното drво на царица Елена, 488-489.

[17] Х. Матанов, Югозападните български земи през XIV век. София 1986, 64.

[18] Токму затоа се навраќаме на цитатот од Г. Острогорски, Серската област, 5., дека Урош немал никаква вистинска власт во Југоиточна Македонија.

[19] Cant. III. 322- 323; Византијски извори,VI, 565, за Мигдонија, бел. 636.

[20] Cant. III. 322-323; Византијски извори, VI, 565.

да ги објасни тие нивни дејства со благонаклонетоста кон фамилијата Кантакузин. Трето, податокот дека царицата Елена била подготвена доброволно да го предаде Сер на Матеј Кантакузин[21]. Ако се отстранат овие три очигледни субјективизми, останатиот дел од податоците на Кантакузин покажуваат дека меѓу феудалците во Југоисточна Македонија и византискиот аристократ од Западна Тракија постоеле определени врски, и тоа на штета на српската власт. Тие моменти се потврдуваат и од други современи извори лишени од субјективизам[22], кои заслужуваат да бидат спомнати.

Во март 1358 година епископот на Кесарополис, потчинет на Серската митрополија и Пеќската патријаршија, потврдил едно судско решение на браќата Алексиј и Јован на штета на српскиот манастир Хиландар[23]. Ова е сторено во времето кога двајцата византиски феудалци презеле широки акции против српската власт во Југоисточна Македонија. Неколку месеци подоцна во октомври 1358 година великиот војвода Јован Углеша, подоцна владетел на Серската област, а во тоа време управник на областа јужно од планината Пангеј, издал самостојно грамота во која го нарекува византискиот деспот Мануил „наш господар"[24]. Во оваа простагма великиот војвода Јован Углеша феудалец од Југоисточна Македонија „свој господар" го нарекува не српскиот цар или царица Елена, туку еден византиски аристократ. Сето тоа го прави во период кога непријателските дејства помеѓу српската власт и византиските феудалци сеуште биле во полн ек. Веќе во 1365 година должноста „кефалија" на Сер била исполнувана од претставник на месната аристократија[25].

---

21 Византијски извори,VI, 565 и коментарите таму.

22 Г. Острогорски, Васељенске судије у Серу. - Сабрана дела.Т. IV, Београд 1970, 258-259.

23 Zograf, № 42, p. 98.

24 P. Lemerle – A. Soloviev, Trois chartes de souverains serbs conservées au monastère de Kutlumus ( Mont Athos). – Seminarum Kondakovianum (SK), XI, 1940,142.

25 „Архонтот на Сер" за кого споменува Кантакузин во 1357 година, според Ст. Новаковић, Срби и Турци, 169-170, бил Јован Углеша. Х. Матанов мисли дека тоа бил некој „местен Грк" (Югозападните земи, 66 и бел.56).

Ако се земат предвид сите овие факти тогаш податоците на Ј. Кантакузин добиваат по реална основа. Без да бидат прифатени буквално, тие даваат основа да се претпостави дека Матеј Кантакузин во летото 1357 година планирал на извесна подршка од страна на свои сомисленици во српските владенија во Југоисточна Македонија. Во фактот што некои од нив, како на пр. кесарот Воихна[26], подоцна ја зачувале својата лојалност кон царицата Елена, нема ништо неприфатливо, така што по неуспехот на М. Кантакузин, тие биле принудени да ја прифатат воспоставената состојба[27].

Во податоците на Ј. Кантакузин за овие настани има и такви кои што се наполно објективни, затоа што тој немал причина да ја крие вистината. Така тој соопштува интересни поединости за односите помеѓу царица Елена и кесарот Воихна[28]. Овој феудалец откако жителите на Филипи му го предале заробениот М. Кантакузин, добил дозвола од царицата да постапи со него „како со воен плен", а потоа самостојно преговарал со византискиот император за откуп на заробеникот и дури поставува свои услови[29].

Ова претставува јасен податок дека врските помеѓу владетелката на Сер и кефалијата на Драма биле односи меѓу сизерен и вазал, какви што биле од своја страна и односите помеѓу цар Урош и царица Елена. Ако треба со една мисла да се определи положбата во Југоисточна Македонија во првите години по декември 1355 година може да се каже следното: Во периодот од 1356-1360 година таму сеуште нема изградено наполно самостојно феудално кнежевство, но процесот на одделување од српската држава е очигледен. Затоа сосема закономерно во 1360-

---

[26] За кесарот Воихна спореди : Византијски извори, VI, 565 бел. 638 со сета литература и најновата статија на С. Ћирковић, Област кесара Војихне. - ЗРВИ, 34, Београд 1995, 175 - 184.

[27] Ст. Новаковић, Срби и Турци, 168.

[28] Види ја анализата на овие податоци кај С. Ћирковић, Област кесара Војихне, 179 - 181.

[29] Cant. III, 330 - 332; Византијски извори, VI, 571-572 и коментарите во белешките; Х. Матанов, Югозападните земи, 66.

1361 година царицата Елена се споменува веќе како наполно самостојна владетелка на Сер.

Во еден протокол од заседанието на црковниот суд во Сер од ноември 1360 година некои од видните личности во градот се споменуваат не како служители на цар Урош, туку како „дворјани" на царицата Елена[30]. Овој документ е интересен и поради тоа што во него првпат Серското кнежевство е означено со терминот „πολιτεία" за разлика од Византија, која е „βασιλεία" (царство), на тој начин се инсистира на неговата независна положба спрема Србија и Византија. Во 1360/61 година цар Урош издал грамота за потврдување на даровите на царица Елена за манастирот Хиландар, во која по потписот има белешка „госпоѓа света царица заповеда сама во Сер"[31].

Според овие податоци може да се претпостави дека најдоцна од ноември 1360 година Серската област веќе има свој самостоен политички живот. Нејзиното отцепување од српската држава не било извршено по пат на оружана борба со српскиот цар, туку било закономерна етапа во процесот на распаѓањето на Душановата држава. Веројатно српскиот цар полагал право на врховна власт во Егејското крајбрежје, но во документите што ја засегаат директно Серската област неговото име по почетокот на 60-тите години веќе не се споменува. Отворено се смета дека српскиот цар немал ниту теоретско владетелско право во земјите што ги управувала мајка му царица Елена[32].

Периодот на самостојното управување на Елена во Сер се карактеризира со прифаќање на многу византиски институции, а во внатрешното уредување ги следела византиските примери. По примерот на Цариград бил воведен сенат[33], а исто така и институцијата „вселенски судија"[34].

---

[30] Actes de Chilandar, I,№ 146, 88-91.

[31] А. Соловјев, Повеље цара Уроша, 290-291; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 57; Х. Матанов, Югозападните земи, 72.

[32] Р. Михаљчић, Крај српског царства, 59; Х. Матанов, Югозападните земи, 72.

[33] Actes d'Esphigménou, № 27, 5-6; Г. Острогорски, Серска област, 91.

[34] Г. Острогорски, серска област, 87; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 59.

Воведувањето на овие институции допринесувало за јакнење на внатрешната локална управа. Елена имала решавачки збор во работата на Серската митрополија, решавала спорови помеѓу одделни свои феудалци и опкружена од своите најблиски помошници – „дворјани" ги поседувала сите атрибути на независна владетелка[35]. Границите на нејзиното кнежевство со центар во Сер не можат точно да се определат, но едно е сосема сигурно: уште од 1360-1361 година Серското кнежевство има целосно изградена државна структура и претставувало добро уредена држава, која уште пред 1365 година добила меѓународно признание[36] .

Во пролетта или летото 1364 година во Сер престојувало византиско црковно пратеништво на чело со патријархот Калист – истиот оној кој што во 1351-1352 година го одлачил цар Стефан Душан и српската црква поради неканоничното прогласување на царството и патријаршијата. Според Ј. Кантакузин целта на пратеништвото била да се постигне договор со царица Елена за прекинување на непријателските односи помеѓу Византија и нејзиното кнежевство и за општа борба против Османлиските преселеници во Тракија[37]. Но, таков договор бил можен само ако се ставело крај на црковниот раскол, и затоа таа политичка задача била доверена на Калист. Ова Цариградско пратеништво се вратило без резултат, бидејќи патријархот Калист неочекувано се разболел и умрел[38].

Целата епизода што го одразува престојот на патријархот Калист во Сер и неговите преговори со царицата Елена, покажува дека надворешната политика на Серското кнежевство била цлосно самостојна. Византијците по инерција или поради конзерватизам го нарекуваат Серското кнежевство „Србија", но во подеталната анализа на изворните податоци се гледа дека тие барале содејство не на цар Урош

---

[35] В. Мошин, Акти из светогорских архива, 156-163; Г. Острогорски, Серска област, 127; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 59; Х. Матанов, Югозападните земи, 73.

[36] Г. Острогорски, Серска облат,134 бел.30; Р. Михаљчић, Крај српског царств, 60; Х. Матанов, Югозападните земи, 73.

[37] Cant. III. 361; Византијски извори, VI, 573-575.

[38] Cant. III, 361; Виз. извори,VI, 575; Г. Острогорски, Серска област, 134 бел. 30; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 60 .

туку на царица Елена со целосно сознание дека таа сама ги определува правците на надворешната политика. Радосниот прием на патријархот Калист, сведочи дека за нејзе не била туѓа идејата да стави крај на црковната шизма со византиската црква. Во таков случај се наметнува заклучокот дека таа се согласувала со византиската позиција по однос на српската царска титула и Пеќската патријаршија. Мошне индикативно е што од страна на Урош не биле правени никакви активности и иницијативи за премавнување на шизмата. Тоа е наполно разбирливо бидејќи слични дејства би значеле негово доброволно откажување од царското достоинство[39].

Од сето досега што го знаеме за формирањето на феудалните кнежевства во Македонија до 1365 година, може да заклучиме дека цар Урош бил признаван за владетел во областите на Прилеп и Скопје[40]. За другите делови на Северна и Централна Македонија податоците од изворите дозволуваат само ретроспективна отценка за положбата во периодот 1360-1365 година. Може да се каже дека српскиот цар сеуште бил владетел на Северна, Централна и мал дел од Југозападна Македонија (Охридско). Но, по сѐ изгледа дека уште во првата половина на 60-тите години на XIV век реалната власт во тие земји постепено преминувала во рацете на идниот крал Волкашин. Тој и царица Елена очигледно биле највлијателните личности во Македонија во половината на тоа десетолетие. Кон нив директно се обраќале и пратениците на Дубровник, без да бараат посредништво на српскиот владетел[41].

***Клучни зборови:*** *Сер, Елена, држава, сенат, црква, судски акти, дворјани, слуги, власт, црковно помирување, самостојно владеење.*

(Рецензент: *Д-р* Милан Бошкоски)

---

[39] Х. Матанов, Югозападните земи, 74.

[40] Й. Иванов, Български старини, 175; Б. Цончев, Опис на ръкописите и старопечатните книги на Народната библиотека во София. I. София 1910, № 88.

[41] Monumenta Ragusina, Libri Reformationum. III. Zarrabie, 1888, 100-102. За ситуацијата во Македонија до 1365 година спореди ја картата дадена во прилог.




Феудални кнежевства во Јужна и Југоисточна Македонија (1356 - до средината на 60-те години на XIV век)

## SUMMARY

Aleksandar ATANASOVSKI

## THE BEGINNING OF THE STATE OF SER WITH ELENA AS EMPRESS

In accord with the available sources, John Kantakuzin above all, the empress Elena had subordinated many lands and cities under hers authority. Elena became nun on 24th of april 1356 and took the name Elisaveta. Then she did retreat in Ser and kept certain rights over some properties in Zeta.

Elena, according to available sources, was governing in Ser and its area nearly 10 years after the death of Dushan. In the beginning she recognized the supreme authority of the Emperor Urosh. That was confirmed with the diploma for the mitropolit of Melnic, Cyrillm from 1356, frescoes in the church Virgin Mary in Matejce (1356-1366), Elena attendance on the state assembly in Skopje(1357) etc. In 1360/61 emperor Urosh issued a diploma for confirmation of empress gift to Hilandar. Behind his signature there was characteristic comment: "Mrs. Holly empress rule alone in Ser". It means that she had already been independent ruler with hers servants, courtiers, Senat and court. Her's state was named "politeia" unlike Bizance which was named as "basileia". In 1364 negotiations were held between Elena and bizantinian church delegation led by patriarch, Kalist,about church reconciliation. It mena that hers state acquired international recognition.

After 1360/61 the name of the emperor Urosh had not been mentioned any more inm the areas which Elena rules. It means that she became completely independent from Urosh.